**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Бр.-Nr. 08 - 169/7
16.09. 2024 год.

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 11 седница одржана на 10.09.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма "Термичко и енергетско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма "Термичко и енергетско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по машинство – термичко и енергетско инженерство/во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in mechanical engineering – thermal and power engineering.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 205 Енергетика, 214 Машинство, 225 Животна средина, Научно – истражувачка област: 20500 Енергетско и процесно машинство(Размена на топлина; Повеќефазни системи:, 20501 Теорија и конструкција на енергетски машини (Парогенератори; Топлински турбини)
20502 Теорија и проектирање на енергетски, постројки, 20503 Математичко моделирање и симулација на енергетски процеси
20504 Термотехника и термотехнички апарати и постројки, 20505 Неконвенционални извори на енергија и технологии, 20506 Рационално користење на енергија, 20507 Мотори со внатрешно согорување, 20508 Погонски материјали (горива и технологии за конверзија на енергија), 20509 Греење и климатизација и топлификациони системи, 20510 Ладилна техника и системи
20511 Техничка термодинамика, 20513 Нуклеарна енергетика, 20514 Друго, 21420 Механика на флуидите и струјно технички системи, 21421 Хидроенергетика, 21422 Автоматика, 21423 Регулациона техника, 22500 Животна средина, 22502 Вода, воздух и почва, 22505 Енергија, 22506 Отпадни материјали, 22507 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-181/21 од 30.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма "Термичко и енергетско инженерство", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-259/11 од 14.02.2024 година (наш бр. 08 - 169/1 од 16.02.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 10.05.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр. 08-169/6 од 12.09.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22)), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 11-та седница одржана на 10.09.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 26-09-2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 259 | /38 | |